РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-604/2
25-03-2025

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.604/1 од 03.03.2025 година, поднесено од барателот на информацијата , директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **Барањето** за пристап до информации од јавен карактер бр.604/1 од 03.03.2025 година поднесено од СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот на информацијата , до Агенцијата за администрација поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бара следната информација од јавен карактер:

*Дали Комисијата за селекција на кандидати во првата фаза од постапките за вработување (административна селекција) по објавен оглас за вработување на секретар/благајник во основно училиште за кое место е потребно средно економско образование, претходното работно искуство како продавач на лице-кандидат за вработување со завршено средно економско образование го смета како работно искуство во струката.*

Имајќи го предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараната информација од јавен карактер, а постапувајќи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР,
д-р

Изработил:

Доставено до:
- Директор;
- Барателот на информацијата; и
- Архива.